Стрип 6 – Јуни – Опасна пластика

# ТЕРА
## и борците за промени

SALAR International
A part of the Swedish Association of Local Authorities and Regions




ПЛАСТИКАТА Е НАВИСТИНА ШТЕТНА ЗА ЗЕМЈАТА
ЗОШТО? НЕ РАЗБИРАМ
КАКО МОЕТО ШИШЕ СО СОК ЈА УНИШТУВА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА?
АЈДЕ ДА ОДИМЕ ВО ФАБРИКА ЗА ПРОИЗВОД-СТВО НА ПЛАСТИКА И ЌЕ ТИ ПОКАЖЕМЕ
МОЖЕ, ОДИМЕ!
ПЛАСТИКАТА СЕ ПРОИЗВЕДУВА ОД НАФТА. НАФТАТА Е ПРИРОДЕН РЕСУРС НА ЗЕМЈАТА. ТАА Е ФОСИЛНО ГОРИВО И ЈА ИМА ВО ОГРАНИЧЕНИ КОЛИЧНИ
КОГА СОГОРУВА, НАФТАТА ГО ЗАГАДУВА ВОЗДУХОТ
КАКО ОД НАФТА СЕ ПРАВИ ПЛАСТИКА?
ОД НАФТАТА СЕ ПРОИЗВЕДУВААТ МАЛИ ПЛАСТИЧНИ ПЛОЧКИ, КОИ ПОТОА СЕ ТОПАТ И ТЕЧНОСТА СЕ СТАВА ВО КАЛАПИ ВО ФОРМА НА ТВОЕТО ПЛАСТИЧНО ШИШЕ
ШИШЕТО СЕ ПОЛНИ СО ОСВЕЖИТЕЛЕН СОК И ТИ ГО ПИЕШ. ШТО СЕ СЛУЧУВА СО ШИШЕТО ПОТОА?
ГО ФРЛАМЕ ВО КОНТЕЈНЕР ЗА РЕЦИКЛИРАЊЕ
ТОА Е СУПЕР! ТВОЕТО РЕЦИКЛИРАНО ШИШЕ ПОВТОРНО СЕ НОСИ ВО ФАБРИКА КАКО ОВАА, СЕ КРШИ НА МАЛИ ДЕЛЧИЊА, СЕ ТОПИ И ОД НЕГО СЕ ПРАВИ НОВ ПЛАСТИЧЕН ПРОИЗВОД
СУПЕР!


ЗА ЖАЛ, НЕ СЕ РЕЦИКЛИРА ЦЕЛАТА ПЛАСТИКА. ГОЛЕМ БРОЈ ШИШИЊА ЗАВРШУВААТ НА ДЕПОНИЈА. ПОТРЕБНИ СЕ 1000 ГОДИНИ ЗА ПЛАСТИКАТА ДА СЕ БИОРАЗГРАДИ И ПРИ ТОА ГИ ЗАГАДУВА ПОЧВАТА И ВОДАТА
НЕ, ТОА НЕ Е ВО РЕД! ШТО МОЖЕ ДА НАПРАВИМЕ?
ИЗБЕГНУВАЈ ДА КОРИСТИШ ПЛАСТИКА ЗА ЕДНА УПОТРЕБА
ТОА Е ПЛАСТИКА ШТО ЈА КОРИСТИМЕ ЕДНАШ И ПОТОА ЈА ФРЛАМЕ
МАЈКА МИ КОРИСТИ ПЛАТНЕНИ ТОРБИ ЗА ПАЗАРЕЊЕ
ДАЛИ ТОА ПОМАГА?
SAVE THE TREES
ДА, СЕКАКО!
НЕМОЈ ДА ПИЕШ СО ПЛАСТИЧНИ ЦЕВКИ, И КОРИСТИ ЧАШИ ШТО НЕ СЕ ОД ПЛАСТИКА
ИСТО ТАКА, НЕ КУПУВАЈ ПРОИЗВОДИ ВО ПЛАСТИЧНО ПАКУВАЊЕ
МИСЛИШ ВО СУПЕРМАРКЕТ? СУМ ВИДЕЛА ДЕКА ЗЕЛЕНЧУКОТ НЕКОГАШ Е ВО ПЛАСТИЧНО ПАКУВАЊЕ, А НЕКОГАШ НЕ Е
ТОЧНО! И СЕКАКО, ПРОДОЛЖИ ДА СЕЛЕКТИРАШ ПЛАСТИКА!
МАЛИТЕ ПРОМЕНИ МОЖЕ ДА НАПРАВАТ ГОЛЕМИ РАЗЛИКИ

# Совети за родителите

Вклучете го целото семејство во борбата против опасниот пластичен отпад преку неколку едноставни чекори:

- **Бидете пример:** Децата најдобро учат од примери. Затоа покажете им на вашите деца како правилно да ја селектираат пластиката. Секогаш избегнувајте пластика за една употреба и вклучете ги децата во процесот.
- **Создадете услови:** Охрабрете ги вашите деца да не користат пластика за една употреба. Набавете им шишиња и кутии за храна за на училиште кои ќе можат да ги користат долгорочно. Поттикнете ги секогаш да бараат алтернативи за пластиката, без разлика дали се дома или пазаруваат со вас. И запомнете, до 2030 година, ЕУ ќе го забрани користењето пластика за една употреба, па зошто да не се подготвите пред време и да ги развиете овие навики уште сега?
- **Креирајте свесност:** Разговарајте со вашите деца за фосилните горива и објаснете им од каде доаѓаат, зошто не се во неограничени количини и како влијаат врз животната средина.
- **Дискутирајте:** Зборувајте со децата за загадувањето и накусо објаснете им за неговото штетно влијание врз Земјата.

# Забавна активност за најмладите

Однесете ги употребените пластични шишиња до местото за селекција за да може од нив да се направат нови производи.



Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union

The European Commission support for the production of this publication does not constitute an endorsement of the contents which reflect only of the authors, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.